# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА

Број 69,
**Четврток,**
12.10.2017

СЗПМ
**Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија**


ОД АКТИВНОСТИТЕ НА СЗПМ

## Успешен настап на фестивал во Љубљана




**ЗП-Ѓорче Петров**



**ЗП-Штип**

По повод Денот на старите лица - 1 октомври, по осми пат македонските пензионери се претставија на Фестивалот за трета животна доба, што се одржа по седумнаесетти пат во Љубљана, Словенија.

На 26 и на 27 септември, делегација од Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија во состав: Александар Захариев, шеф на делегацијата, претседател на ЗП-Штип и член на извршниот одбор на СЗПМ; Методија Новковски, претседател на ЗП-Ѓорче Петров; м-р Илија Глигоров, член на комисијата за меѓународна соработка при ИО на СЗПМ и менаџер на проектот „Учество на СЗПМ и здруженијата на Фестивалот за трета животна доба во Љубљана 2017"; и Вангелица Маркоска, членка на комисијата за културно-забавен живот при ИО на СЗПМ, заедно со фолклорната група „Ѓорче Петров" при истоименото здружение на пензионери и пејачката група „Ленка Пингова" при ЗП-Штип учествуваа во активностите на фестивалот. На 26 септември, сите учесници кои пристигнаа од Република Македонија присуствуваа на свеченото отворање на овој престижен меѓународен фестивал во Линхартовата сала, а потоа делегацијата имаше прием кај раководството на Сојузот на здруженијата на пензионери на Словенија, со која СЗПМ има долгогодишна плодна соработка. На свечената седница присуствуваа и претставници на раководствата од српските, италијанските и австриските пензионери, а подоцна пристигнаа и претставниците на хрватските пензионери. На седницата се зборуваше за состојбите со пензионерските права во државите чии претставници беа присутни, за проблемите и позитивните искуства во нивното решавање, за развивање заемна соработка, а беше изнесена и иницијатива за обединување и заедничка промоција и финансирање на европско ниво на водечките активности во сојузите, како што се фолклорната ревија, спортската олимпијада, фестивалот за трета доба, социјални, едукативни и други проекти. Главната активност во која учествуваа двете културно-уметнички друштва на пензионерите од Македонија беше настапот на „Вечер на песни и игри" на сцената на Линхартовата сала. И овој пат, како и во претходните години, публиката беше воодушевена од изведбата на македонските традиционални ора и песни, која ја награди со громогласен аплауз, а од присутните видни личности добија искрени честитки со воодушевување и писмени благодарници за здруженијата и за СЗПМ.



Наредниот ден двете културно-уметнички друштва имаа по два успешни настапи на „Отворена сцена". Во големите саемски хали на „Цанкарев дом" одекнуваа гајдите, тапаните и македонската песна на нашите културни пензионерски амбасадори, облечени во добро украсени разнобојни носии. Глетката ги воодушеви многубројните присутни во халите, меѓу кои беше целокупното раководство на ЗДУС и претставникот на делегацијата од Србија. Успешниот настап на нашите ансамбли придонесе да се развие заедничко оро со многубројната публика низ целата саемска хала. Притоа, ороводецот гордо го вееше македонското знаме околу кое се обединија гостите од повеќе држави.

Пензионерите од Македонија што учествуваа на овој меѓународен фестивал имаа можност да проследат и повеќе други активности кои беа организирани во рамките на фестивалот, како што се стручни предавања, научни конференции и дебати на тркалезни маси, работилници како и големата саемска манифестација на која скоро сите штандови беа тематски поврзани со потребите на луѓето од третата доба. Мора да се истакне и дружењето помеѓу учесниците од двете пензионерски здруженија, ЗП-Штип и ЗП-Ѓорче Петров, кои си приредија заедничка вечер во хотелот во кој беа сместени. Патувањето кое траеше повеќе од 15 часа во една насока помина исто така со песни во автобусот. Од Љубљана сите се вратија со чувство на гордост што ги претставуваа македонските пензионери и нашата земја, и со незаборавни спомени од патувањето, другарувањето и престојот на фестивалот.

м-р Илија Глигоров

НА НАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ ВО БУГАРИЈА

## Прво место за кратовци, второ за кумановци






На 9 и на 10 септември 2017 година во Ќустендил, Бугарија, под покровителство на кметот на општината, се одржа 11-то издание на националниот фестивал на шлагери и старградски песни „Пеј срце". Во музичкиот дел беа вклучени 70 ансамбли со над 600 учесници од Бугарија, Србија и од Македонија. Нивните настапи беа оценувани од стручно жири составено од врвни музички имиња, музиколози, педагошки уметници, режисери, диригенти и пејачи. Целта на фестивалот е популаризирање на шлагерите и на староградската музика.

Кратовските тамбураши-пензионери го освоија првото место. Тие со акламација од меѓународното жири едногласно беа прогласени за најдобри учесници и за апсолутни победници на двата фестивалски дена. Како такви беа поканети да настапат и на заедничката вечера во ресторанот, каде што ги забавуваа колегите од повеќе земји, а истовремено ги придружуваа и повеќето поединци и групи кои пееја песни од нивниот репертоар. По овој повод, на 15 септември кратовските тамбураши-пензионери беа поканети и настапија на утринската програма „Ја сакам Македонија", на телевизија Сител, па и гледачите имаа можност да ги видат и да ги слушнат нивните убави изведби.

Меѓу годинашните учесници на фестивалот за првпат се најдоа и хористите-пензионери од КУД „Ѓоко Симоновски" при ЗП-Куманово. Тие настапија на вториот ден од фестивалот со песните: „Прошета се Јовка Кумановка", „Марије, дилбер бела Марије", „Блазе тебе Фидан Вело" и „Нане ле, дете ле". Нивниот музички израз беше придружуван од оркестарот составен од Александар Христовски на кларинет, Владимир Ангеловски на гитара, Стевче Китановски, прим и Марјан Бошковски на тапани. За успешното хорско пеење ансамблот беше награден од жирито со второ место.

Фестивалот во Ќустендил беше искористен и за продлабочување на соработката со организаторите и со преостанатите учесници, за размена на искуства и за дружење.

М. Мишевски и Ј. Тодоровска

ОД АКТИВНОСТИТЕ НА СЗПМ

# Свечено одбележен 20 септември - Денот на пензионерите во Македонија

На самиот ден, 20 септември, на прославата во СЗПМ беше организирана средба на која претседателот на Сојузот, Драги Аргировски, на присутните им го честиташе празникот и зборуваше за значењето на овој ден за пензионерите и неговото одбележување со активности низ годините. Од многубројните постигнувања тој го посочи и излегувањето од печат на монографијата „Пензионерски активности за почит“ на албански јазик и првиот примерок му го врачи на претседателот на собранието на СЗПМ, Бесник Поцеста, кој се заблагодари на укажаната чест.



ЗП- Радовиш и Конче





На свечена проширена седница на собранието на ЗП-Гази Баба, со пригодни зборови за Денот на пензионерите и за постигнатите успеси на здружението, честитајќи им ги, на присутните им се обрати претседателот на здружението, Ѓорге Андонов, при што, меѓу другото, за постигнатиот успех на годинашните Републички пензионерски спортски натпревари на најдобрите спортисти им врачи соодветни признанија и награди.



ЗП- Крушево



ЗП- Прилеп



ЗП-Гази Баба

Со одржување седница на собранието, празникот на пензионерите во ЗП-Радовиш и Конче беше свечено и работно одбележен. За историјатот и значењето на овој датум зборуваше претседателот на здружението, Јордан Костадинов, кој исто така потсети и на Денот на осамостојувањето на Република Македонија, 8 Септември. Потоа тој се осврна на развојот и на успесите на ова здружение, а ја истакна и добрата соработка со СЗПМ и со општините Радовиш и Конче. Во работниот дел беше разгледана информација од непознат подготвувач со клевети и лаги за работата на ова здружение и како тенденциозна и невистинита едногласно беше отфрлена.

ЗП-Крушево одржа свечена и отворена седница за сите членови и други заинтересирани пензионери на која претседателот на ЗП-Крушево, Глигор Ангелески, им го честиташе празникот и им посака добро здравје. На овој собир беа разгледани повеќе информации од работата на здружението за првите шест месеци од оваа година, како и постигнувањата во културно-забавните, хуманитарните, спортско-рекреативните и други активности. Присутните го поздравија ваквиот начин на работа и ја поддржаа одлуката да се подготви Монографија за здружението. Во знак на признание, учесниците на Регионалните и на Републичката фолклорна ревија и истакнатите спортисти добија благодарници.

По повод празникот на пензионерите, ЗП-Неготино организираше пригоден коктел на кој со честитки и признанија за постигнатите успеси се обрати претседателот, Петар Захарчев, при што истакна некои позначајни активности со кои ова здружение се афирмираше на регионално и на републичко ниво. Наедно, тој објави дека со купувањето и адаптирањето соодветен објект за изградба на уште еден современ пензионерски дом во Неготино, долгогодишната желба станува реалност.

Денот на пензионерите исто така беше повод за прослава и масовно дружење на членството од ЗП-Прилеп. Најпрво на 13, а потоа на 16 септември, во организација на Активот на пензионерки беа одржани средби и дружења на околу 300 пензионерки во централниот клуб во Прилеп, а на 20-ти септември славеа и се дружеа припадниците на органите и телата и други членови на здружението, кога на над 200 присутни, со честитки и признанија им се обрати претседателот на здружението, Кирил Ѓорѓиоски.

Според известувањата на нашите дописници, вакви свечени седници, прослави и дружења имало и во други здруженијата на пензионери, членки на Сојузот. **М.Д.**

ЗП-ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## Највисоката општинска награда за пензионерите

Здружението на пензионери Ѓорче Петров ја доби годинешната плакета, највисоката награда од општината за посебен придонес и афирмирање на општината. Оваа награда е резултат на долгогодишната и плодна соработка на општината со ЗП-Ѓорче Петров. Низ изминатите години општината и градоначалникот Сокол Митровски секогаш му даваа поддршка во граница на можностите, за сите активности кои ги преземаше здружението во кое членуваат најстарите жители. Годинава здружението ги претставуваше општината, Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија и нашата земја на престижниот меѓународен фестивал на третата доба во Љубљана, во Словенија.

Наградата е во прави раце, бидејќи ова здружение е едно од најактивните членки во градот и во земјата. Плакетата ја прими претседателот на ЗП-Ѓорче Петров, Методија Новковски, на свеченоста што се одржа по повод празникот на општината, 20 септември. Многубројните гости од збратимените општини Красна Пољана, Осечина и Поважска Бистрица со своите делегации беа почесни гости на отворањето на манифестацијата, а на прославувањето се придружија и амбасадорот на Р. Словачка во Р. Македонија, Мартин Безак и амбасадорката на Р. Србија во Р. Македонија, Душанка Дивјак-Томиќ. **Љ.Р**





ЗИТ КИП - ТЕТОВО

## Дојран - привлечна дестинација за инвалидските пензионери



Повеќе од 100 члена на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија од Тетово, на 16 септември, во еднодневна екскурзија престојуваа во прекрасното излетничко место во Југоисточна Македонија - Дојран. Освен во прошетка по брегот на Дојранското Езеро, дел од нив, оние похрабрите, го искористија убавото време за да се искапат во водите на езерото во есенски услови. Вистинско доживување и искажана желба за установување традиционална екскурзија најмалку еднаш во годината во ова познато летувалиште и вистинска туристичка мека. Еден дел од учесниците на екскурзијата го искачија и ридот над Дојран, посетувајќи го прекрасниот стар манастир.

Според Гидо Бојчевски, претседател на здружението, за оваа екскурзија постоел голем интерес и се пријавиле повеќе членови, но од здравствени причини некои морале да се откажат. Бил обезбеден и организиран ручек во угостителскиот објект „Казабланка“ со надомест од по 450 денари. Заедно со патувањето во двете насоки, оваа еднодневна екскурзија траеше 15 часа.

По барање на Активот на жени, ова тетовско здружение организираше и еднодневна екскурзија до Кавадарци, со учество на дваесетина пензионерки.

И во двата случаи превозот го обезбеди здружението. **Г.Е.**

МАСОВНА ПЕНЗИОНЕРСКА СРЕДБА

# Во Лесново се дружеа над 8.000 присутни



На 21 септември 2017 година, според календарот прв есенски ден и еден од најголемите православни празници „Мала Богородица“, ЗП-Пробиштип ја организираше традиционалната средба на зелено за здруженијата на пензионерите од Македонија, членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. И покрај тоа што метеоролозите најавуваа неповолни временски услови со врнежи од дожд, уште во раните утрински часови колона од превозни средства се движеше кон Лесново, село сместено во вулкански кратер, на кое природата му подарила раскошна убавина за уживање.

Глетката беше прекрасна. Од сите страни на Македонија преку своите здруженија пристигнуваа пензионери со една единствена желба - да се дружат во природа и да го почувствуваат убавиот и чист планински воздух, но и да го посетат манастирот „Свети Гаврил Лесновски“, изграден во првата половина на 14 век, кој одиграл значајна улога во културата, уметноста, образованието и историјата на овој крај, со иконостас кој спаѓа меѓу трите најубави и највредни на Балканот и пошироко, и да се сретнат со своите пријатели со кои можеби токму овде го започнале дружењето. За среќа, прогнозата на синоптичарите не се оствари, на радост на над 8.000 пензионерите и други посетители.

Со самото пристигнување, дел од посетителите најпрво влегоа во манастирот каде што запалија свеќи за здравје и среќа за себе и за своето семејство. Потоа побараа место за сместување, каде што ќе го поминат денот. Дел од нив се распослаа во раскошниот двор на манастирот кој изобилува со разнобојни цвеќиња, вкусно аранжирани во форма на крст, симболот на христијанството. За да биде глетката незаборавна тука се наоѓаат и двете фонтани од кои се слушаше жуборењето на водата, која како да им посакуваше добредојде и убав ден на сите дојдени. Многу од гостите седнаа под сенките на малата борова шума, а љубителите на атрактивните доживувања се упатија кон пештерите кои кријат многу тајни уште од 11 век. На гостите и на претставниците од 35-те здруженија на пензионери-членки на Сојузот, прв им се обрати претседателот на ЗП-Пробиштип, Груица Манасијев, кој им посака пријатно и топло добредојде, со најубави желби од Лесново да си заминат со убави спомени и доживувања, и во наредната година повторно да дојдат овде каде што денот започнува и завршува со биењето на камбаните.

Од името на домаќинот, градот Пробиштип, им се обрати градоначалникот на општината, Тони Тоневски, кој не го криеше задоволството што и годинава се наоѓа меѓу пензионерите.

Вие, почитувани пензионери, сте најубав пример и би рекол патоказ за нас младите како треба да се организираме и како треба да си го правиме животот побогат и поинтересен кога ќе дојдеме на ваши години. Ви посакувам многу здравје и уште многу вакви средби, а вашата мудрост и способност за организација ќе ни биде најдобар учител на нас помладите - истакна Тоневски.

Од името на СЗПМ на присутните им се обрати Бесник Поцеста, претседател на собранието на Сојузот.

Јас сум Албанец и за прв пат сум во овој крај. Многу сум среќен што можам да запознаам еден предел од нашата Македонија, едно село кое, како што разбрав, датира од 11 век, како и да го видам и да го посетам надалеку познатиот манастир „Свети Гаврил Лесновски“ – истакна Поцеста.

Претседателот Поцеста на сите им посака многу здравје, среќа и радост и многу вакви средби кои нудат незаборавни моменти. Тој ја истакна грижата на СЗПМ кој прави напори и изнаоѓа нови форми со цел на своите членови да им понуди уште поинтересни содржини за активно стареење и за забавување на стареењето.

Во делегацијата на СЗПМ, покрај претседателот на собранието на СЗПМ беа и секретарката на ИО на СЗПМ, Станка Трајкова и главната и одговорна уредничка на весникот за сегашни и идни пензионери „Пензионер плус“, Калина Сливовска-Андонова.

За да биде престојот на зелено во Лесново комплетен и незаборавен, за доброто расположение на гостите се погрижи групата „Еуфорија“. На селското игралиште се играше и се пееше до доцните попладневни часови.

М. Здравковска

ЗП-ВЕЛЕС

# Признание на големиот македонски син Сандански

На 15 и на 16 септември годинава, пензионери од ЗП-Велес, во раните утрински часови тргнаа од Велес, а веќе во 10 часот се шетаа по улиците на Благоевград, Бугарија. Се воодушевуваа од главната улица покриена со разнобојни чадорчиња, на прекрасните цвеќиња, на разновидните улични продавници... По само неколку часа се најдоа во Банско под Пирин. А таму чувствата надвладеаја по сеќавањата на нашиот Пирински цар - Јане Сандански. Говорејќи за ликот и делото на Сандански, претседателот на ЗП-Велес, Веле Алексоски, меѓу другото, рече дека Јане Сандански е роден во селото Влахи, Пиринска Македонија, во семејството на Иван Сандански. Во текот на руско-турската војна од 1877 година, неговите родители и соселани биле принудени да избегаат во Горна Џумаја. Знаменосец на една од македонските чети во Кресненското востание бил неговиот татко. По задушувањето на востанието, семејството Сандански се засолнило во Дупница, каде што Јане го минал детството. Јане Сандански во животот имал многу тешкотии, а на 10 април 1914 година, кај месноста Блатата била поставена заседа во која бил убиен. Телото на Јане било пронајдено од еден карван, по што било пренесено во Рожденскиот манастир. Неговите останки се наоѓаат во црквата „Св. Кирил и Методиј“. Веднаш по ослободувањето и создавањето на современата македонска држава, македонскиот народ му оддал видно признание на својот голем син.

Приквечерината, пензионерите-екскурзијанти место за одмор побараа во градот Сандански. Ја поминаа ноќта и утрото повторно тргнаа на пат кон гробот на баба Ванѓа, а потоа патот ги одведе во градот Петрич, каде што не можеа да одолеат на миризливата скара.

Но како што одминуваше времето мораа да се вратат, а толку посакуваа барем уште малку да поминат во прошетка низ градот. Ја поминаа границата, па Струмица, Радовиш, Штип и стигнаа во Велес со желба за повторно дружење и запознавање на многу нешта од географијата и историјата, која е тука некаде околу нас, а не сме имале можност да ја видиме и запознаеме.

Н. Алексоска




ЗП-ДЕМИР ХИСАР

# Мајстор Благоја го бива за многу нешта



Многу често уметноста, прикриена во човековите гени, ќе се рефлектира во вид на уметничка изработка и обработка, ќе се појави интуитивно како инвенција во мигови кога инспирацијата ќе изнурка во кулминација. Тогаш дарбата доаѓа на виделина во форма на слика, цртеж, збор, уредување на простор...Речено е дека уметноста е дар од бога. Демирхисарскиот пензионер Благоја Секуловски е мајстор за дрворез и прави уникатни уметнички дела од дрво, и како таков тој застанува во редот на ликовните уметници скулптори-вајари од Демир Хисар и пошироко.

- Кога човек ќе оди во заслужена пензија мора да пронајде некое хоби, зашто како ќе ги живее пензионерските денови ако не прави ништо - ја започнува својата приказна 70-годишниот пензионер Благоја, роден во селото Журче, во 1947 година. Основно училиште завршил во родното село и уште од мал ја работи секоја работна обврска дома, надвор, в поле и планина. Во потрага по попристоен живот патот го носи во Австралија, каде што работи како ракувач на градежни машини, но среќата го враќа назад во татковината. Една кинеска поговорка вели дека и на најубавиот дијамант му е потребна вешта мајсторска рака. Вештите раце на мајстор Благоја не работат со дијаманти, туку со дрво и тоа со орево, буково и јасен. Работилницата во која работи дише со топлина. Таму има клупа за одмор, каде што покрај фурната за печење леб мајстор Бале со сопругата Рада уживаат во македонското кафе во паузата помеѓу изработката на фигурите. Вкусно уредениот двор е претворен во мини „зоопарк“, изложба на отворено на сите шумски и прелетни животинки. Обликувањето ликови и други предмети од дрво во ателјето -куќниот двор, бара вешти раце. Оваа вдахновена уметничка експанзија е дело на разиграна мисла на мајсторот-скулптор во дрво, а инвентивната ликовна изобразба не застанува со овие визуелни ракотворени предмети во облик на животни и селани-работници, зашто немирниот уметнички дух на вајарот во дрво и натаму постојано бара теми за да твори.

- Само со тесла, турпија и глето изработувам се што ќе ми падне на памет. Многу сакам да изработувам зајаци, коњчиња, птици... Но изработувам и луѓе. Ова мое хоби ме одмора и релаксира. За секоја фигура ми се потребни 2 месеца и во секоја вложувам многу труд, трпеливост и љубов - ни вели Благоја.

За авторот на овие исклучителни ремек-дела, Благоја Секуловски, упатуваме најголеми, најискрени и од срце честитки, со желби да продолжи со ист уметнички елан да твори на задоволство на љубителите на уметност и на Демир Хисар.

Но Благоја е и врвен игроорец, член во игроорната група при ЗП-Демир Хисар, и добар спортист-фудбалер кому му оддале признание врвни личности од фудбалот. Пофалбите во игроорната уметност и во фудбалот се посебна уметничка ставка во неговиот живот

Зоран Стевановски

ЗП-ШТИП

# Златната шаховска екипа реди успеси

На Републичките спортски натпревари во Кочани, во септември 2017 година, екипата на ЗП-Штип го освои златниот медал. Силната конкуренција од 40 здруженија-членки на СЗПМ не ги поколеба, зашто подготвеноста беше на ниво. Екипата ја сочинуваа: прва табла Панче Захариев, кој го понесе и пехарот за најдобар шахист, Дончо Јорданов - Фишер, Васко Крстевски, Ристо Рушев и Момчило Смолиќ, капитен на екипата. Ги прашав која е магијата што ги држи толку долго да се дружат со шахот?

Кога еднаш ќе се запознаете со оваа игра, која бара тактика, стратегија и мудрост, ќе сфатите дека сте на едно поле каде што се води битка за победа, велат моите соговорници.

Играчве во професионалните сфери каде што играта е ограничена на 5 минути, а во пензионерските натпревари е на 10 минути и се игра секој со секого. За оваа игра треба голема концентрација. Некогаш скоро сите игравме за шаховскиот клуб „Напредок“ од Штип, а сега ја застапуваме екипата на ЗП-Штип. Панче Захариев и Ристо Рушев се ветерани во екипата, а Дончо Јорданов ја подмлади екипата. Тој беше млада надеж во шахот и го споредуваа со познатиот Боби Фишер. Панче Захариев бил младински и сениорски првак на Македонија, Ристо Рушев бил младински првак, а Васко Крстев ни се придружи годинава - вели капитенот Момчило Смолиќ.

Тој разоткрива и дека победил на турнирот на рекреативци и на турнирот организиран од Здружението на Хрвати во Штип.

Овој успех е голема сатисфакција и поттик да продолжат да се редат успеси - вели заменик-претседателот на ИО на ЗП-Штип, Коста Штериев, одговорен за спортот.

Цвета Спасикова



ЗП-ВЕВЧАНИ

# Промоција на збирката песни „Резби во времето“ на Драган Попоски



Пред голем број љубители на пишаниот збор и во присуство на градоначалникот на Вевчани, Цветомир Угриноски, во рамките на културната манифестација „Вевкул 2017“, на 13 септември, во црквата „Свети Никола“ во Вевчани беше промовирана збирката песни на пензионираниот доктор по медицински науки Драган Попоски-Стојнин.

Промотор беше познатиот македонски писател, поет, есеист и колумнист Ефтим Клетников, кој е истовремено и рецензент на книгата. Тој во своето опсежно излагање истакна дека песните кои се претставени во збирката се пишувани во еден - за нашите човечки мерила - неверојатен временски опсег од 60 години, од најраните песни создадени во 1956 година, па с до најскорашните запишани во 2016-та.

Еден цел човечки живот! Така, тие можат слободно да се набљудуваат како археологија на битието, битие коешто се пројавува, односно говори. Ова е поезија која сака да се запамети, а Драган Попоски-Стојнин во таа смисла е летописец на своето битие, на неговите неминовни резонанции произлезени од соочувањето со егзистенцијата, неговите потреси, вознеси и мечти. Уводничарот на оваа несекојдневна промоција, истакнатиот публицист, писател, поет и хроничар на Вевчани, Мишо Китаноски, ги запозна подетално присутните со Драган Попоски-Стојнин.

Роден е на 29 март 1940 година во Вевчани, како син на Ристо и Стојанка. Виорот на Втората светска војна е трагичен за неговата фамилија. Како дете без родители растел и се школувал во детските домови во Битола, Скопје, Кратово, Ресен, Валандово. Во 1960 година завршува гимназија во Битола, а Медицински факултет и специјализација во Скопје. Во 1961 година формира семејство со гимназиската љубов Марија - истакна Китаноски.

Работи како лекар, а подоцна како советник за медицина и фармација во фабриката за лекови „Галеника“ од Белград. Во 1992 година, меѓу првите во Република Македонија ја формира приватната здравствена организација - аптеката „Биолек“ со работни единици во Скопје и во Битола. Промоцијата цело време беше со музичка придружба на м-р Зоран Радиноски.

С. Кукунешоски

# Арт-терапија во „Зафир Сајто“ во Куманово

Богата и разновидна е програмата за превземените активности што тимски се организираат и реализираат во домот за стари лица „Зафир Сајто“ во Куманово, покрај другото и на полето на културно-забавниот живот, а со цел активно и што попријатно да им биде секојдневието на станарите во нивниот втор дом. Персоналот и раководството се труди на разни начини да внесе радост во нивниот живот со песна, оро, убав стих, посета на дечиња од градинките и друго, с со цел да го направи нивниот живот поубав, посодржаен, да внесе топлина во нивните еднолични денови кои се нижат при престојот во Домот.

Во таа насока, пред извесно време поголем дел од корисниците во Домот беа вклучени во работилница под наслов „Арт-терапија“- како дел од психолошката терапија на луѓето од третата доба. Штитениците покажаа голем интерес и дадоа свој придонес, што беше уште еден доказ за добрите резултати кои оваа терапија ги дава кај старите луѓе, а кои со помош на истата чувствуваат дека с уште се корисни за некаква активност, дека с уште нивните растреперени раце се во можност да создаваат. Терапијата ги буди и нивните интереси, но и желбата за докажување. Чувството на корисност и давање свој придонес уште повеќе ја зајакнува нивната самодоверба, го подигнува расположението и нивната ментална способност. Задоволството и насмевката на нивните лица се доволен доказ и награда дека трудот на сите што се грижат за нив е успешен. Воодушевува глеткатa како се радуваат додека ги гледаат своите „дела“: слики, насликани предмети од глина, навезени перничиња, ракотворби од волница и друго. Убав пример дека малите нешта носат голема радост.

Р. Митиќ

ЗП-КОЧАНИ

# Монографија за Горни Подлог - Кочанско



Во присуство на жители и иселеници, на 27 септември во манастирскиот комплекс „Св. Јован Крстител“ во селото Горни Подлог, Кочанско, беше промовиран научниот труд под наслов „Горни Подлог низ историјата“ од професорот во пензија Илија З. Стојанов. Во книгата е поместена богатата историја на селото Горни Подлог како дел од Кочанската Котлина, низ годините минати па с до денешни дни.

Монографијата има за цел да ја сочува од заборавот на времето историјата на овој крај, богата и содржајна, со многу настани и личности. Истражувањата траеја неколку години и во нив ги користев досегашните објавени материјали за овој крај, а од особена важност ми беа сеќавањата на најстарите жители кои с уште се живи - ни изјави авторот Илија Стојанов.

Промотор на ова интересно истражувачко дело кое многу значи за историјата на кочанскиот крај беше проф. д-р Лазар Лазаров, историчар во пензија.

Материјалот поместен во книгата на читателите им ја претставува историјата на овој крај со особено внимание на минатото и на сегашноста, обработувајќи ги културата, просветата, спортот, етнолошките карактеристики и фолклорот - истакна Лазаров.

Промоцијата на истражувачкиот труд посветен на Горни Подлог е дел од содржините на годинашната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“. Издавачи се библиотеката „Искра“ од Кочани и општината Кочани.

К. Герасимов

ЗП-КРИВА ПАЛАНКА

# Пензионер, кореограф, спортист и спортски судија



Трката по кариера и материјална сигурност на Драган Ѓорѓиевски завршува во 2014 година. Ја заменува со други нешта кои му даваат поинаква смисла на животот. Односно, како активен пензионер сега брза да стаса на некој состанок, фолклорна проба или, пак, на некој тренинг за спортски игри. Тој е член на собранието при ЗП-Крива Паланка, како и на комисијата за спорт и култура. Повторно станува активен член на фолклорната група при самото здружение, што самиот како кореограф и ја основа.

Имаме за цел да ги негуваме кривопаланечкиот фолклор и традиционалните обичаи. Секоја проба ме исполнува, а особено ме радуваат постигнатите резултати и на Регионалната и на Републичката ревија на песни, игри и музика. Со тие настапи го промовираме нашето здружение, а воедно и градот Крива Паланка. Затоа особено ме исполнуваат тие настапи и многу сум горд како кореограф на фолклорната група. Оваа година за прв пат како пензионери настапивме и на меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Јоаким Осоговски“, кој се одржува во Крива Паланка по повод празникот Голема Богородица и патронот на манастирот „Св. Јоаким Осоговски“. Настапивме со обичајот кривопаланечка свадба, односно земање на невестата од домот. Активни сме и на меѓуопштинско, регионално и на републичко спортско ниво. И тука бележиме забележителни резултати. Затоа на предлог на претседателството на ЗП-Крива Паланка сум предложен за судија на меѓуопштинско, регионално и на републичко ниво на спортски натпревари на пензионери и тоа во дисциплините слободно фрлање на кош - мажи и жени, шутирање на мали голови - мажи и жени - вели Ѓорѓиевски.

За целокупната негова активност многупати е пофалуван, но како најдраги му се благодарницата по повод дваесет години на здружението за учество и негување на спортот и спортските дисциплини и пофалницата за успешно раководење на фолклорната група при самото здружение. Во слободното време им се посветува на семејството и на внуците, но има време и за лов и риболов. Бидејќи знае и е пример како се води активен живот и во третата доба, меѓу преостанатите колеги-пензионери е баран да биде во нивно друштво. И тогаш со нив знае да заигра некоја партија карти во Клубот на пензионери во здружението.

Б. Стојчевска

ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

Прилогот „Пензионерски видици“ е заеднички проект на „Нова Македонија“ и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат: Калина С.Андонова, Мендо Димовски од СЗПМ, Александар Димковски и Ненад Андонов од „Нова Македонија“